РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1201
24.11.2016 година
С К О П Ј Е

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА
| Примено | 05.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 - | 1783/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

Технолошко-технички факултет-Велес
| Примено: | 09.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 978/1 | | |

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Иновативни технологии за храна и нутриционизам на Технолошко-технички факултет во Велес единица во состав на Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Иновативни технологии за храна и нутриционизам на Технолошко-технички факултет во Велес единица во состав на Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Технолошко-технички факултет во Велес единица во состав на Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, се обрати со барање бр. 03-417/1 од 06.06.2016 година, доставено до Министерство за образование и наука под УП1 бр. 1201 од 08.06.2016 година, за исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на тригодишни докторски студии Иновативни технологии за храна и нутриционизам, акредитирана од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, со решение бр. 12-19/4 од 23.05.2016 година.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1201 од 10.06.2016 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа за горенаведените студиската програма од точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 14.11.2016 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1201 од 17.11.2016 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Иновативни технологии за храна и нутриционизам на Технолошко-технички факултет во Велес единица во состав на Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

М И Н И С Т Е Р,
Pishtar Lutfiu

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА * СКОПЈЕ

Доставено до:
- Примач
-Архива
изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити